**К О Н К У Р С**

**за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во академската 2024/2025 година**

**I.** Студиски програми**,** број на студенти и износ на трошоците за студирање

| Студиска програма **(**организатор/и**)** | Број на студенти |
|---|---|
| **Научно-истражувачко поле: Економски науки** | |
| Доктор по економски науки | 14 |
| **Научно-истражувачко поле: Организациски науки и менаџмент, Економски науки** | |
| Доктор по бизнис администрација | 3 |
| **Научно-истражувачко поле: Организациски науки и менаџмент, Информатика** | |
| Доктор по Информациски системи и менаџмент | 2 |
| **Студиските програми се акредитирани од Американскиот Совет за Деловни Студии и Програми (АЦБСП).** | |

Докторските студии траат три години и носат 180 ЕКТС кредити. Школарината за студирање на третиот циклус студии-докторски студии изнесува 7.990 евра за државјани на Република Северна Македонија и 9.990 евра за странски државјани, и ги вклучува сите трошоци за студирање, вклучително и користење литература, освен материјалните трошоци за истражувањето на темата, конференциски учества и публикување трудови.

Листата на акредитирани ментори и структурата на докторската програма се објавени на интернет страницата на Универзитетот.

**II.** Критериуми на запишување студенти

Право за запишување на докторски студии имаат лица кои завршиле соодветни студиски програми и кои ги исполнуваат основните критериуми:

- завршен втор циклус на студии со остварени најмалку 300 ЕКТС кредити (во случај на освоени помалку од 300 ЕКТС, но не помалку од 240 ЕКТС, кандидатот ќе може да се запише условно, со овозможување да ги стекне дополнителните кредити на некоја од магистерските студии на УАКС);
- остварен просечен успех од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00 (во случај на остварен просечен успех под 8.00, но не помалку од 7.00, кандидатот ќе може да се запише доколку има најмалку 3 (три) години работно искуство во областа за која се пријавува);
- соодветно/сродно претходно образование, според следната табела:

| Докторска програма | Сродни области |
|---|---|
| Економија | Економија; Финансии и банкарство; Статистика, математика и економетрија; Инженерски и индустриски менаџмент |
| Бизнис администрација | Менаџмент; Маркетинг; Менаџмент на информациски системи; Бизнис и бизнис администрација; Економија; Социологија; Психологија; Право; Политички науки |
| Информациски системи и менаџмент | Информатички науки, Машинско инженерство, Бизнис, Менаџмент; Инженерски и индустриски менаџмент |

- познавање на англискиот јазик;

## III. Потребна документација

Кандидатот кој се пријавува на конкурсот поднесува: 1) Електронски апликациски формулар со назначување на избраната докторска програма за која конкурира; 2) Писмо за мотивација; 3) Кратка биографија; 4) Докази со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување утврдени со овој Конкурс (уверение за положени испити од прв и втор циклус студии, за завршен(и) прв циклус и/или втор циклус во странство се доставуваат нострифицирани документи; доколку системот на оценување е различен од Република Северна Македонија, документацијата се доставува во фотокопија, заверена на нотар); 5) Копија од магистерската теза; 6) Идеја за докторско истражување, изложена во максимум 500 зборови, а која содржи: опис на предложената тема, клучни референци во областа, предлог-методологија за обработка на темата.

Пријавите на кандидатите со некомплетни документи нема да бидат разгледувани.

## IV. Рангирање и селекција на кандидатите

Рангирањето на пријавените кандидати се врши со евалуација на следните евалуациски критериуми: 1) идеја/предлог за докторско истражување; 2) работно искуство сродно на докторската област за која кандидатот конкурира; 3) научни публикации и учества на меѓународни конференции; 4) магистерска теза од претходно образование.

По завршувањето на конкурсот се објавува прелиминарна ранг-листа за секоја докторска програма одделно. Кандидатите имаат право на приговор кој се поднесува во писмена форма до координаторот на докторската програма во рок од 5 (пет) работни дена од објавувањето на резултатите. Конечната ранг-листа се објавува на веб страницата на Универзитетот.

## V. Рокови за пријавување и запишување на кандидатите

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите се врши до 30.9.2024 во првиот уписен рок, односно до 31.1.2025 година во вториот уписен рок. Документите се доставуваат исклучиво во електронска форма на следниот линк: http://www.uacs.edu.mk/home/doctoral-form/. Рана регистрација е до 31.05.2024 година, односно до 29.12.2024 година, соодветно на уписните рокови.

Подетални информации за условите за запишување на секоја од објавените студиски програми, потребната документација, организацијата и временскиот распоред на студиските програми, како и

листата на ментори, заинтересираните кандидати може да ги добијат на телефон 2463-156 или на интернет страницата на Универзитетот http://www.uacs.edu.mk/home/doctoral-school.

Универзитетот Американ Колеџ Скопје објавува:

**И С П Р А В К А Н А К О Н К У Р С**
за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии
на студиските програми на Универзитет Американ Колеџ Скопје
во академската 2024/2025 година

Во конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии на студиските програми на Универзитет Американ Колеџ Скопје во академската 2024/2025 година, објавен во весникот Нова Македонија на 25 Април 2024 година, се менува:
- бројот на студенти кои можат да се запишат наведени во табелата **I. Студиски програми, број на студенти и износ на трошоците за студирање,** студиската програма: Организациски науки и менаџмент, Економски науки – **Доктор по бизнис администрација,** и гласи: „**7 студенти**".

**Универзитет Американ Колеџ Скопје**